// СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
*НА ОПШТИНА ПРИЛЕП*

| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 12 Октомври 2004 година Службен гласник број 8 Овој примерок чини 50 ден. | Жиро с-ка при Комерцијална банка – Филијала Прилеп 300020000209652 ЕДБ 4021996117695 |
|---|---|---|

*Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454, www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk*

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВАТА ЗА ИНТЕНЗИВИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ЗА ИЗГРАДБА НА ХИДРО ЕЛЕКТРАНАТА" ЧЕБРЕН " ВО МАРИОВО**

1. Иницијатива за интензивирање на активностите за изградба на хидро електраната " ЧЕБРЕН " во Мариово се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

| | |
|---|---|
| Број 08 –_1319/1 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 12.10.2004 година | на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Сашо Пирганоски |

**Врз основа на член 26 став 1 точка 47 од Статутот ана Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003) Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 07.10.2004 година, ја покренува следната:**

***Иницијатива за интензивирање на активностите за изградба на хидро електраната" ЧЕБРЕН " во Мариово***

За искористување на хидро - енергетскиот потенцијал на реката Црна, во минатиот период подготвувани се голем број планерски и проектни документи, при што потенцирани се предностите и погодностите од изградбата на соодветни хидроенергетски објекти.

Еден од најекспонираните објекти за искористување на хидроенергетскиот потенцијал на оваа река е Хидроелектраната " Чебрен " - лоцирана во просторот на Мариово.

Првата проектна документација за овој објект, изработена е во далечната 1963 год. во вид на идејни и инвестициони проекти, за да во 1973 год. хидро електраната " Чебрен " биде поместена во Водостопанска основа на Република Македонија.

Во 1978 год. изработена е "Студија за интегрален развој на Река Вардар" при што сериозен третман е даден на хидроенергетскиот потенцијал на Река Црна, односно на ХЕ "Чебрен ".

По пауза од 20 години, во 1996 год. со посредство на Министерството за урбанизам, градежништво и животна средина, активностите за проучување и реализација на ХЕ "Чебрен" повторно се актуелизираа и интензивираа.

Така, во 1996 год. од австриската компанија "ВЕРБУНДПЛАН" изработена е физибилити студија, а во 1997 год. француската компанија "РОНА" изготви физибилити студија за "интегрален развој на Вардарска долина во која е вградена и ХЕ "Чебрен".

Во 2000 год. австриската компанија "ВЕРБУНПЛАН" во конзорциум со други познати фирми, изготви обновена физибилити студија.

Крајно, во 2001 год. со финансиска поддршка на Европската Унија, во рамките на пакет проекти за енергетика се отпочна со подготовка на тендер документација за хидропотенцијалот на Црна Река при што се финализира документацијата за ХЕ "Чебрен" со технички, енергетски и други параметри.

Во периодот после 1995 год. за изградба на ХЕ "Чебрен" повеќе компании пројавуваа интерс за нејзина изградба, меѓу кои и фирми од Франција, Италија, Грција, Иран, Австрија, Израел, Канада.

Во 1997 год. по Заклучок на Владата на РМ, а во организација на Министерството за урбанизам, градежништво и животна средина, беше објавена Меѓународна " Покана за пројавување на интерес за изградба на ХЕ Чебрен" на која што се пријавија 28 светски компании, и сите тие ја поминаа и фазата на интервју и запознавање со документацијата.

Во 1998 год. беше објавена "Покана за пројавување интерес за консултански услуги" на која се пријавија 35 компании од повеќе држави во светот, при што беше направена и кратка листа од 6 компании, од кои 2 од Англија, и по една од Франција, Швајцарија, Германија и САД.

После вака интензивираниот период, активностите спласнаа, или поточно не се изврши конечен избор на консултант кој што требаше да ја изготви тендерската документација за давање на ХЕ "Чебрен" по пат на концесија, да ги оцени пристигнатите понуди и да даде предлог за идниот концесионер за изградба и користење на овој значаен објект.

Фактот, дека во изминатиот период имало интензивни активности околу изградбата на ХЕ "Чебрен", а несомнено и голем интерес од идни концесионери, не наведува на идејата за покренување на иницијатива за продолжување на тие активности.

Секако дека интересите за изградба на овој најголем хидроенергетски објект во државата, се обострани, како на државата така и на идните концесионери.

На тоа не наведуваат неколку аргументи и податоци, кои иако ќе ги искажеме организационо, сепак заслужуваат сериозно внимание.

- Со оглед на вредноста (преку 300 милиони евра), овој објект би бил најголем финансиски проект во нашата земја.

- Браната ќе биде; лачна, бетонска, со висина од 192,50 м, должина на круната 500 м., ширина 7 - 9,0 м а вкупниот волимен на браната ќе изнесува 1.214.706 м3 (некои варијанти говорат дека, браната би била висока 160,0 м).

Ќе се формира вештачко езеро со акомулационен простор од 915,0 милиони кубни метри вода.

- Според енергетските параметри, ќе бидат инсталирани 3 агрегати, со проток од 180 м3, средно годишно производство 286,40 ГЊХ, и напонско ниво од 110 КВ.

Според претходно пројавениот интерес од страна на познати компании, во комбинација би дошла и изградбата на следната ХЕ "Галиште", со што инвестицијата би се наголемила, а во управувањето е барана и веќе изградена ХЕ "Тиквеш".

Интересот на државата треба да се гледа од повеќе аспекти, а особено:

- Очекуваниот економски развој, ќе ја зголемува потребата од електрична енергија, а имајќи во предвид дека термоелектричната енергија е од ограничен ресурс, тогаш ориентацијата треба да биде на обновливата хидроелектрична енергија, која патем и не ја загрозува животната средина.

- Значењето на оваа хидроелектрана е големо и поради фактот што во нејзината изградба се очекува да биде вклучена и домашната градежна оператива, што од друга страна е голем поттик за нашиот инвестиционен циклус, со ангжман на нашите фирми за 5 - 7 години.

- Воедно, се очекува да се создаде светла перспектива за развој на Мариовскиот крај, на кој што гравитираат десетина општини, особено со изградба на повеќе километри патишта, населби за вработените, вработување на работоспособното население и сл.

Имајќи го предвид изнесеното во оваа иницијатива, ценејќи ги аргументите и податоците а во интерес на реализација на овој капитален објект, неопходно се наметнуваат следните заклучоци.

1.Владата, да разгледа ваква и слична информација, изготвена од страна на релевантни органи на државната управа.

2.Имајќи ги предвид подготвените проекти и планови, да се оформи соодветна тендерска документација, и да се објави тендер според Законите за концесија и јавни набавки.

3.Аналогно на активностите што се водеа при изградбата на ХЕ "Козјак", Владата да формира посебна дирекција за искористување на хидроенергетскиот потенцијал на Река Црна, со седиште во Прилеп.

Предметната Иницијатива, има за цел да ги покрене активностите за изградба на ХЕ "Чебрен".

Задоволство ќе ни биде, ако навистина се пројави интерес и се ангажираат неопходните структури во интензивирањето на активностите.

Оваа Иницијатива со Заклучоците да се достави до Владата на Република Македонија.

| | |
|---|---|
| Број 07 - 1297/2 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 07.10.2004 година | на Советот на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Борис Ристески |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ПО ИНФОРМАЦИЈА ЗА ТЕКОТ НА ПОСТАПКАТА ЗА**

**ИЗГРАДБА НА ДЕПОНИЈА ЗА ТВРД ОТПАД ВО ЈУГОЗАПАДНИОТ РЕГИОН НА МАКЕДОНИЈА**

1. Заклучокот по Информација за текот на постапката за изградба на депонија за тврд отпад во Југозападниот регион на Македонија се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 –_1319/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
12.10.2004 година на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пиргоноски

Врз основа на член 26 став 1 точка 47 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина прилеп" бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 07.10.2004 година, претресувајќи ја Информацијата за текот на постапката за изградба на депонија за тврд отпад во Југозападниот регион на Македонија, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
за усвојување на Информацијата за текот на постапката заизградба на депонија за тврд отпад во Југозападниот регион на Македонија

1. Се усвојува Информацијата за текот на постапката за изградба на депонија за тврд отпад во Југозападниот регион на Македонија.
2. Заклучокот ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1297/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
07.10.2004 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КОМИСИЈА ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ**

1. Решението за формирање на Комисија за родова еднаквост, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1319/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
12.10.2004 година на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пиргоноски

Врз основа на член 26 став 1 точка 39 од Статутот ана Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003), Советот ана Општина Прилеп на сеницата, одржана на 07.10.2004 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за формирање Комисија за родова еднаквост

1. Се формира Комисија за родова еднаквост од 7 члена, во состав:

ПРЕТСЕДАТЕЛ:
Ружа Ангелеска-професор по хемија - гимназија "Мирче Ацев" - Прилеп.

ЧЛЕНОВИ:
- Габриела Николоска - член на Советот;
- Јелица Вандеска - член на Советот:
- Д-р Роза Наумоска - член на Советот;
- Катерина Димеска - член на Советот;
- Стевка Небрежанец - професор по англиски, Гимназија "Мирче Ацев".
- Лилјана Неделкоска - професор по одделенска настава, ОУ "Рампо Левката" - Прилеп.

2.Цел на Комисијата е развој и демократизација на заедницата, промовирање и унапредување на еднаквоста меѓу половите преку развивање на чувствата за еднаква партиципација на половите во општествениот и политичкиот живот на локално и национално ниво.

3.Административно-техничките работи на Комисијата ќе ги извршува Стручната служба на Советот на Општина Прилеп.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1297/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
07.10.2004 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА И УЛИЦИТЕ ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2004 ГОДИНА**

1. Решението за усвојување на Програмата за дополнување на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улиците во Општина

Прилеп за 2004 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1319/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
12.10.2004 година на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пиргановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" 5/2002) и член 26 став 1 точка 30 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 07.10.2003 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

за усвојување на Програмата за дополнување на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улиците во Општина Прилеп за 2004 година

1.Се усвојува Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улиците во Општина Прилеп за 2004 година.

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1297/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
07.10.2004 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА НАЧИЧНОТ НА ИЗГРАДБА ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО ТРОЈАЦИ ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП КОЕ НЕМА УРБАНИСТИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

1. Одлуката за начинот на изградба во населено место Тројаци во Општина Прилеп кое нема урбанистичка документација, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1319/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
12.10.2004 година на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пиргановски

Врз основа на член 25 од Законот за просторно и урбанистичко планирање("Службен весник на РМ" број 4/96, 28/97, 18/99, 53/01 и 45/02), а во врска со член 14 и 26 од Статутот на општина ("Службен гласник на општина " бр. 6/03) Советот на општината Прилеп на седницата одржана на 07.10.2004година, донесе:

**О Д Л У К А**
**За начинот на изградба во населено место Тројаци во општина Прилеп кое нема урбанистичка документација**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува начинот на изградба на населеното место Тројаци во општина Прилеп кое нема урбанистичка документација

**Член 2**

Со оваа Одлука се определува подрачјето за изградба на објекти, согласно графички прилог 1:2500 за населеното место Тројаци од член 1 на оваа Одлука, со определување на границите на урбаното подрачје, основни намени на површините и основна сообраќајна мрежа.

Графичкиот приказ е составен дел на оваа Одлука, а се чува и се реализира во Подрачната организациона единица на Министерството за транспорт и врски.

**Член 3**

При организирањето на населето место се согледува и подрачјето на атарот на населеното место, каде покрај функцијата за обработка на земјиштето и користење на шумите, минерални суровини и пасиштата, можат да се лоцираат и објекти од јавен интерес, утврдени со Закон, како и стопански производни објекти, фарми објекти за преработка земјоделски производи, пилани и погони за преработка на дрво, откупни станици за шумски плодови, трла, како и планинарски домови, рекреативни објекти и слични објекти, согласно определбите на Просторниот план на општина Прилеп.

При предвидувањето на фарми и други објекти кои можат да ја загадат средината, лоцирањето на локалитетите да биде на растојание минимум 1.20 км. од населеното место и со потребно групирање на објектите да се овозможи рационално комунално опремување и мерки за заштита на животната средина.

Поконкретна локација на објектите од став1 на овој член, а во рамките на атарот на населеното место, се утврдува согласно оваа Одлука, а по изработен Урбанистички проект за конкретниот локалитет и по добиените согласности или мислења од надлежните органи на управата и мислење од локалната самоуправа. Проектот се заверува во Подрачната единица на Министерството за транспорт и врски и според ситуационото решение на Урбанистичкиот проект е издаваат услови за градба на објектите.

Постојните објекти во атарот на населеното место кои имаат документација за градба, се составен дел на оваа Одлука.

Графичкиот приказ за атарот на населеното место со основни зони на локалитети според став 1 на овој член е во мерило 1:2500 и е составен дел на оваа Одлука и не се објавува, а се чува и реализира во соодветната Подрачна единица на Министерството за транспорт и врски.

**Член 4**

Во согласност со карактерот и потребите на населеното место, во границите на урбаниот опфат определен со графичкиот приказ, можат да се градат објекти за домување, јавни објекти, стопански објекти, објекти за одмор, спорт и рекреација, урбана опрема, инфраструктурни објекти и слично.

**Член 5**

Во зоната за домување и во другите зони определени во графичкиот приказ, може да се врши изградба, доградба, надградба и реконструкција на објектите, како и изведување на други работи во рамките на стопанскиот двор и партерното уредување на дворот. Во рамките на зоната на домувањето можат да се предвидат и продавници, јавни објекти, трговски-услужни објекти, рекреативни содржини, објекти за повремено живеење-преноќишта, без нарушување на основната функција на зоната.

**Член 6**

Сообраќајната мрежа се организира да овозможи пристап до секој објект или пристап со пешачка патека, особено во случај на лоцирање на објекти на коси терени. Ако не е обезбеден пристап до парцелата, не може да се организира изградба на објект и не можат да се утврдат услови за градба.

Водоводната, канализационата и електричната мрежа се предвидува со можност секој објект за живеење и работа да се приклучи на мрежата. До изведување на канализаионата мрежа одведувањето на употребените води се врши со септички јами, издадени согласно санотарно-техничките прописи.

**Член 7**

При изведување изградба на објектите максимално се почитува постојаната имотно-правна состојба.

**Член 8**

Организацијата на дворните места односно микроурбанистичкото решение треба да обезбеди ориентација на објектот за домување кон улицата или пристапотот, а помошните објекти да се лоцираат во внатрешноста на парцелата.

**Член 9**

Во рамките на зоната за домување во основа се организираат урбани блокови со станбени куќи со градини.

Урбаните блокови со станбени куќи со градини, главно се наменети за изградба на семејни куќи со градини кои можат да бидат: самостојни, дворни и во низа.

Максималната височина на станбените куќи утврдена како големина помеѓу нивото на тротоарот и завршниот венец на објектот, изнесува 10 метри (П + 2 ката).

Крововите на објектите треба да се предвидат во согласност со традиционалната архитектура на објектите во населеното место.

**Член 10**

Градежната линија се утвдува според конкретните локациски услови и постојните објекти и се назначува во условите за градба на објектот.

**Член 11**

Во зоната за домување определена со општиот акт, при планирањето на нови објекти за домување, доградба или надградба на постојаните објекти, минималното растојание од најистурениот дел на планиран објект освен стреа, до границата на соседните урбанистички парцели односно до тротоарот на сообраќајницата изнесува една четвртина од планираната висина, но не помалку од 1,2 метри.

**Член 12**

Архитектонското обликување на објектите треба да биде резултат на содржината на објектот и обликовниот концепт, во согласност со локалните услови и традиционалните обликовни елементи на подрачјето.

**Член 13**

За јавни објекти и комплекси, заради подетална разработка на диспозицијата на содржините, се изработува урбанистички проект, врз основа на кој ќе се оформи соодветна проектна документација за објектите.

**Член 14**

Утврдувањето на условите за градба на објектите во рамките на утврдените зони во графичкиот приказ, се врши според конкретните услови на лице место, одредбите на оваа Одлука и соодветните прописи.

Условите за градба ги соопштува соодветната Подрачна единица на Министерството за транспорт и врски.

**Член 15**

По изработената техничка документација - проект за објектите и по добивањето Одобрение за градење, инвеститорот може да започне со изградба на објектот.

**Член 16**

Графичките прилози од член 2 и 3 од оваа Одлука, по нејзиното донесување, се заверуваат од Претседателот на Советот на општина Прилеп и се доставуваат соодветната

Подрачна единица на Министерството за транспорт и врски за реализација.

**Член 17**

Надзор над примената на оваа Одлука врши урбанистичко-градежната инспекција во согласност со Закон.

**Член 18**

Одредбите на оваа Одлука се применуваат до донесувањето на Урбанистичката документација за населеното место.

**Член 19**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Бр. 07- 1297/6 — ПРЕТСЕДАТЕЛ
07. 10.2004 година — на Совет на Општина Прилеп
Прилеп — Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ, ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП ВО ТЕКОТ НА 2004 ГОДИНА**

1. Програмата за дополнување на Програмата за донесување, изменување и дополнување на урбанистички планови во Општина Прилеп во текот на 2004 година , се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1319/6 — ГРАДОНАЧАЛНИК
12.10.2004 година — на Општина Прилеп
П р и л е п — Сашо Пирганоски

Врз основа на член 22 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање("Службен весник на РМ" број 4/96, 28/97, 18/99, 53/01 и 45/02), член 9 од Правилникот за поблискс содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на урбанистички планови ("Службен весник на РМ" бр. 2/2002) и член 22, 36 и 95 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), Советот на општината Прилеп на седницата одржана на 07.10.2004 година, донесе:

П Р О Г Р А М А
за дополнување на Програмата за донесување, изменување и дополнување на урбанистички планови во Општина Прилеп во текот на 2004 година

**А. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ**
ДОНЕСУВАЊЕ, ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊА, ПО БАРАЊЕ НА ГРАЃАНИ

1. - ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. 20; Урбан блок 20/1; урбан модул 1 со граници од улица "Леце Котески", "Трајко Николоски" и површина со друга намена.
2. - ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. 15; Урбан блок 15/1; урбан модул 4 со граници: ул."Битолска", ул."Цане Коњарец", ул."Кире Гаврилоски" и ул."Лазо Филиповски".
3 - ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. 16; Урбан блок 16/2; урбан модул 1 со граници: ул."Моша Пијаде", ул. "Мирче Ацев" и друга намена.

**Б. УРБАНИСТИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА НАСЕЛЕНО МЕСТО**

1. УДНМ за дел од н.м. Ново Лагово за К.П. бр. 67/1.

ДОНЕСУВАЊЕ, ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊА, ПО БАРАЊЕ НА ГРАЃАНИ

Површините на урбаните модули се дефинирани со оските на граничните улици.

Бр. 07- 1297/7 — Претседател
07. 10.2004 година — на Совет на Општина Прилеп
Прилеп — Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЈП ЗА ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ**

1. Одлуката за дополнување на Одлуката за основање на ЈП за просторни и урбанистички планови, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1319/7 — ГРАДОНАЧАЛНИК
12.10.2004 година — на Општина Прилеп
П р и л е п — Сашо Пирганоски

Врз основа на член 3 став 3 и член 9 став 2 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/96) член 36 став 1 точка 4 пд Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), и член 26 став 1 точка 28 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003), Советот на Општина Прилеп, на седница одржана на ден 07.10. 2004 година, донесе:

**О Д Л У К А**

за дополнување на Одлуката за основање Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови

**Член 1**

Во Одлуката за основање Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2004) по членот 5 се додаваат два нови членови 5-А и 5-Б кои гласат:

"Член 5-А

Шифрата на дејност според која Јавното претпријатие ќе ја обавува дејноста е:
74.20/1 - просторно и урбанистичко планирање.

Член 5-Б

Како почетен влог за работа на Јавното претпријатие, основачот ќе обезбеди материјални средства и тоа:

| Опис на опремата | Год. на произв. | Единечна цена | Количина | Вкупна цена |
|---|---|---|---|---|
| **ХР Десигал 500 принтер** | **2004** | 2.026 ЕУР | 1 | 2.026 ЕУР |
| **НП Ласер Јет 2300н принтер** | **2004** | 966 ЕУР | 1 | 966 ЕУР |
| **Димензион 4600 вер1** | **2004** | 1.451 ЕУР | 2 | 2.902 ЕУР |
| **Димензион 4600 вер2** | **2004** | 1.838 ЕУР | 2 | 3.676 ЕУР |
| **АПЦ Бацк уп УПС** | **2004** | 43,5 ЕУР | 4 | 174 ЕУР |
| | | | | |
| **АрцГИС 9 Арц виењ** | **2004** | 1.451 ЕУР | 1 | 1.451 ЕУР |
| **Ауто ЦАД 2005 ЛТ** | **2004** | 1.644 ЕУР | 1 | 1.44 ЕУР |
| **Аутодеск ЛАНД Десктоп 2005** | **2004** | 4.831 ЕУР | 1 | 4.831 ЕУР |
| **Аутодеск МАП 3Д 2005** | **2004** | 4.638 ЕУР | 1 | 4.638 ЕУР |
| **Аутодеск Растер Десингн 2005** | **2004** | 1.629 ЕУР | 1 | 1.629 ЕУР |
| | | | | |
| Маси и столици | **2004** | 145 ЕУР | 4 | 580 ЕУР |
| Мрежна инфраструктура | **2004** | 193 ЕУР | 1 | 193 ЕУР |
| | | | **Вкупна вредност :** | **24.710 ЕУР** |

Вкупната вредност на средствата е 24.710 ЕУР, односно 1.507.310 денари."

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1297/8
07.10.2004 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА МЛАДИНСКИОТ ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН НА ПРИЛЕП**

1. Решението за давање согласност на Младинскиот локален акционен план на Прилеп, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 1319/8 ГРАДОНАЧАЛНИК
12.10.2004 година на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пиргаvноски

Врз основа на член 22 став 1 точка 5 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и членовите: 14 став 1 точка 5 и 26 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 07.10.2004 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за давање согласност на Младинскиот локален акционен план на Прилеп (МЛАПП)

1. Со ова Решение се дава согласност на Младинскиот локален акционен план на Прилеп (МЛАПП).

2.Решението да се достави до Центарот за граѓанска иницијатива Прилеп, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

3.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во("Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1297/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
07.10.2004 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УКИНУВАЊЕ НА ФОНДОТ ЗА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА НА ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Одлуката за укинување на Фондот за локални патишта на Општина Прилеп, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 1319/9 ГРАДОНАЧАЛНИК
12.10.2004 година на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пиргано ски

Врз основа на член 51 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа("Сл. весник на РМ" бр.61/2004), член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник РМ"бр. 5/2002)и член 26 став1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Сл. гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003),Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 07.10.2004 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УКИНУВАЊЕ НА ФОНДОТ ЗА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА НА ОПШТИНА ПРИЛЕП**

Член 1

Се укинува Фондот за локални патишта на Општина Прилеп, сметано од 01.01.2005 година, по сила на закон.

Член 2

Со денот на укинувањето на Фондот вр аботените, имотот, опремата, средствата за работа, архивата и документацијата на Фондот ги презема Општина Прилеп.

Член 3

Ненаплатените побарувања и ненамирените обврски на Фондот се преземаат во Буџетот на Општина Прилеп.

Член 4

Фондот е должен заклучно со 31.12.2004 година, да ја затвори сметката што ја има при Комерцијална банка АД Скопје- Филијала Прилеп.

Член 5

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува важи Одлуката за основање Фонд за локални патишта н а Општина Прилеп бр.07-269/1 од 27.11.2000 година.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на објавувањето во "Службен гласник наОпштина Прилеп".

Број 07-1297/10 ПРЕТСЕДАТЕЛ
07.10. 2004 година на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА,**

**ДЕЛОКРУГОТ И НАЧИНОТ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАДАЧИТЕ НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1319/10
12.10.2004 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Сашо Пиргансоски

Врз основа на член 57 став 4 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", бр. 5/2002) и член 26 став1 точка 26 од Статутот на Општина Прилеп("Сл.гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003 година),Советот на општина Прилеп, на седницата одржана на 07.10. 2004 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на општина Прилеп**

Член 1

Во Одлуката за за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на општина Прилеп ("Сл.гласник на Општина Прилеп" бр.5/2004), во глава ИИ -Видови на организациони облици на општинската администрација, во член 9 став 1 точка 3 по зборот "комунални работи" се става запирка и се додаваат зборовите," локални патишта и улици", а по алинеа 2 се додава нова алинеа која гласи:

"-Одделение за локални патишта и улици."

Член 2

Во глава ИИИ -Делокруг и начин на извршување на задачите, точка В по зборовите"комунални работи" се става запирка и се додаваат зборовите "локални патишта и улици."

Член 3

Во член 18 став 1 по зборовите"комунални работи" се става запирка и се додаваат зборовите "локални патишта и улици."

Член 4

Во член 20 ред 9 по зборот"чистота" зборовите"уредувањето и организирањето на јавниот локален превоз на патници" се бришат.

Во ред 14 по зборот "услуги" се бришат зборовите " изградбата, одржувањето,реконструкцијата и заштитата на локалните патишта,улици и други инфраструктурни објекти; регулирање на режимот на сообраќај; изградбата и одржувањето на уличната сообраќања сигнализација; изградбата и одржувањето на јавниот простор за паркирање".

Член 5

По член 20 се додава нов член 20-а кој гласи:

"Одделението за локални патишта и улици ги врши работите кои се однесуваат на: уредувањето и организирањето на јавниот локален превоз на патници, изградбата, одржувањето,реконструкцијата и заштитата на локалните патишта,улици и други инфраструктурни објекти; регулирање на режимот на сообраќај; изградбата и одржувањето на уличната и сообраќајна сигнализација; изградбата и одржувањето на јавниот простор за паркирање, врши и други работи што ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот на општината".

Член 6

Оваа одлука влегува во сила 8-от ден од денот на објавувањето во"Службен гласник на Општина Прилеп".

Бр.07- 1297/11
07.10. 2004 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот ана Општина Прилеп
Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОЕКТОТ: "ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ДОВЕРБАТА КАЈ ПОТРОШУВАЧИТЕ ВО ОДНОС НА КВАЛИТЕТОТ НА ХРАНАТА ВО ПРОМЕТОТ ВО ГРАД ПРИЛЕП"**

1. Заклучокот за усвојување на Проектот: "Зајакнување на довербата кај потрошувачите во однос на квалитетот на храната во прометот во град Прилеп", се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1319/11
12.10.2004 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Сашо Пирганоски

Врз основа на член 26 став 1 точка 47 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина прилеп" бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 07.10.2004 година, претресувајќи го Проектот "Зајакнување на довербата кај потрошувачите во однос на квалитетот на храната во промет во град Прилеп", донесе:

**З А К Л У Ч О К**

за усвојување на Проектот "Зајакнување на довербата кај потрошувачите во однос на квалитетот на храната во промет во град Прилеп"

1. Се усвојува Проектот "Зајакнување на довербата кај потрошувачите во однос на квалитетот на храната во промет во град Прилеп".

2. Заклучокот ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1297/12 ПРЕТСЕДАТЕЛ
07.10.2004 година на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА КОМПЛЕКС НА ПРИДРУЖНИ И УСЛУЖНИ ОБЈЕКТИ НА ПАТОТ Р - 106 И СТОПАНСКИ СОДРЖИНИ - ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Одлуката за донесување на Генерален урбанистички планза комплекс на придружни и услужни објекти на патот Р - 106 и стопански содржини - Општина Прилеп, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 1319/12 ГРАДОНАЧАЛНИК
12.10.2004 година на Општина Прилеп
Прилеп Сашо Пиргановски

Врз основа на член 22 став 3 и 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 4/96,28/97, 18/99 76/99, 53/2001 и 45/02), член 22 став 1 точка 1 и член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/02) и член 14 став 1, точка 1 и член 26 од Статутот на Општина Прилеп (Сл. гласник на Општина Прилеп бр. 6/03), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на ден 07.10.2004година донесе :

**ОДЛУКА**
За донесување на Генерален урбанистички план за комплекс на придружни и услужни објекти на патот Р-106 и стопански содржини - Општина Прилеп.

Член 1

Со оваа Одлука се врши донесуање на ГУП за комплекс на придружни и услужни објекти на патот Р-106 и стопански содржини - Општина Прилеп, како што е означено во графичките прилози кои се составен дел на оваа Одлука.

Планот го опфаќа локалитетот во К.О. Прилеп, кај Запошка река- Општина Прилеп, на к.п. бр. 480, к.п. бр. 479, к.п.бр. 478/1, кп.бр.478/2и дел од к.п. бр. 1119 со површина од 2.62 Ха.

Член 2

Планот од член 1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:

- Извод од Програмата каде е предвиден планот да се изработува :

Програмата за донесување, изменувања и дополнивања на Урбанистичките планови во Општина Прилеп за 2003/04год.

- Нацрт на план - , ГУП за комплекс на придружни и услужни објекти на патот Р-106 и стопански содржини - Општина Прилеп. бр. 24-109/1 30.01.2004год.

- Стручна ревизија на Нацрт планот, ГУП за комплекс на придружни и услужни објекти на патот Р-106 и стопански содржини - Општина Прилеп бр. 24-109/2 30.01.2004год.

- Извештај за постапување по стручната ревизија - Одговор на стручната ревизија на Нацрт планот; ГУП за комплекс на придружни и услужни објекти на патот Р-106 и стопански содржини - Општина Прилеп. бр. 24-109/3 30.01.2004год.

- Стручно мислење од Секторот за уредување на просторот при Министерството за транспорт и врски, по Нацрт планот - ГУП за комплекс на придружни и услужни објекти на патот Р-106 и стопански содржини - Општина Прилеп. бр. 24-109/5 11.03.2004год.

- Одлука за организирање на Стручна расправа по Нацрт планот - , ГУП за комплекс на придружни и услужни објекти на патот Р-106 и стопански содржини - Општина Прилеп. бр. 08-670/1 24.05.2004год.

- Извештај за Стручната расправа за Нацрт планот - ГУП за комплекс на придружни и услужни објекти на патот Р-106 и стопански содржини - Општина Прилеп. бр. 24-109/13 05.07.2004год.

- Известување за постапување по Извештајот за Предлог планот , ГУП за комплекс на придружни и услужни објекти на патот Р-106 и стопански содржини - Општина Прилеп. бр. 24-109/15 13.09.2004год.

- Согласност од Министерството за транспорт и врски - Сектор за уредување на просторот Скопје бр. 24-109/18 од 06.10.2004год.

- Комплетен примерок од Предлог планот, ГУП за комплекс на придружни и услужни објекти на патот Р-106 и стопански содржини - Општина Прилеп. бр. 24-109/14 31.08.2004год.

**1. - Планирана состојба**

- Текстуален дел
- Општи параметри за уредување на просторот
- Графички прилози

1. Синтезен приказ 1:2500
2. Сообраќајно решение 1:2500
3. Планирана инфраструктура 1:2500

**2. Документациона основа**
- Текстуален дел
- Графички прилози
1. Пошироко градско опкружување
   сегашна општина Прилеп 1: 100 000
2. Извод од ГУП
   намена на површини 1: 5000
3. Намена на површините 1: 2500

Член 3

Планот се заверува во рок од 8 дена од денот на донесувањето.

Заверката со потпис и печат ќе ја изврши Претседателот на Советот на Општина Прилеп.

Член 4

Планот ќе го спроведува Министерството за транспорт и врски - Подрачна единица Прилеп, врз основа на добиената Соглсност бр. бр. 24-109/18 од 06.10.2004год. од МТВ - Сектор за уредување на просторот Скопје и оваа Одлука.

Член 5

Оваа Одлука со заверен примерок од донесениот План се доставува до Министерството надлежно за работите на уредување на просторот.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Прилеп.

Број 07 - 1297/13
07.10.2004год.
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Борис Ристески

**АКТИ ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ**

Врз основа на член 17 став 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.в. на РМ бр.4/96,28/97,18/99 и 53/2001, член 95 од Законот за локална самоуправа (Сл.в. на РМ 05/02) и член 47 од Статутот на Општина Прилеп (Сл. гл. на Општина Прилеп бр. 6/03) Градоначалникот на Општината донесе:

**ОДЛУКА**

за организирање на Стручна расправа по Нацртот на Генерален урбанистички план за придружни и услужни објекти и други стопански комплекси на патот М 5, Битола - Прилеп, Општина Прилеп

Член 1

Со оваа Одлука се организира Стручна расправа за донесување на Генерален урбанистички план за придружни и услужни објекти и други стопански комплекси на патот М 5, Битола - Прилеп, Општина Прилеп, фаза Нацрт план.

Член 2

Поканите за Стручната расправа ќе бидат доставени до сите релевантни фактори: ЈП ПУП Скопје и "Урбанизам" Битола, МТВ ПЕ Прилеп, ЈКП "Водовод и канализација" Прилеп, ЕСМ ПЕ Прилеп, Македонски телекомуникации РЕ Прилеп, МЕ ПЕ Прилеп, МЗШВ ПЕ Прилеп, МТВ инспектор по патишта Прилеп.

Член 3

Стручната расправа ќе се одржи на ден 07.10.2004год (четврток) со почеток во 11.00часот во Малата сала на Општина Прилеп.

Член 4

Нацртот на Генерален урбанистички план ГУП за придружни и услужни објекти и други стопански комплекси на патот М 5, Битола - Прилеп, Општина Прилеп, ќе биде доставен и разгледан на Стручната расправа.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во "Службен гласник" на Општина Прилеп.

Број 08- 1282/1
05.10.2004год
Прилеп

ОПШТИНА ПРИЛЕП
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
Градоначалник
Сашо Пирганоски

# СОДРЖИНА

**на "Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 8 од 12.10.2004 година**

1. Иницијативата за интензивирање на активностите за изградба на хидро електраната" ЧЕБРЕН " во Мариово................................................................................................................**Стр. 1**

2. Заклучокот по Информација за текот на постапката за изградба на депонија за тврд отпад во Југозападниот регион на Македонија............................................................................ **Стр. 3**

3. Решението за формирање на Комисија за родова еднаквост........................ **Стр. 3**

4. Решението за усвојување на Програмата за дополнување на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улиците во Општина Прилеп за 2004 година............................................................................................................................ **Стр.** 4

5. Одлуката за начинот на изградба во населено место Тројаци во Општина Прилеп кое нема урбанистичка документација...................................................................................... **Стр. 4**

6. Програмата за дополнување на Програмата за донесување, изменување и дополнување на урбанистички планови во Општина Прилеп во текот на 2004 год................ **Стр. 6**

7. Одлуката за дополнување на Одлуката за основање на ЈП за просторни и урбанистички планови........................................................................................................................ **Стр. 7**

8. Решението за давање согласност на Младинскиот локален акционен план на Прилеп............................................................................................................................ **Стр. 8**

9. Одлуката за укинување на Фондот за локални патишта на Општина Прилеп............................................................................................................................ **Стр. 8**

10. Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Прилеп. **Стр. 9**

11. Заклучок за усвојување на Проектот: "Зајакнување на довербата кај потрошувачите во однос на квалитетот на храната во прометот во град Прилеп............................................**Стр.10**

12. Одлуката за донесување на Генерален урбанистички план за комплекс на придружни и услужни објекти на патот Р - 106 и стопански содржини - Општина Прилеп............................**Стр.10**

**АКТ ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ**

1. Одлука за организирање на Стручна расправа по Нацртот на Генерален урбанистички план за придружни и услужни објекти и други стопански комплекси на патот М 5, Битола - Прилеп, Општина Прилеп................................................................................................................ **Стр.11**

Издава: Општина Прилеп. Главен и одговорен уредник: Сашо Пирганоски Градоначалник на Општина Прилеп. Дизајн и компјутерска обработка: Горица Чатлеска. ПЕЧАТИ: Служба за стручни и административни работи.
Тираж: 50 примероци.